

# КАДЕ ДА СИ ИГРАМЕ ТРКА

Весна и Боби си играа во кујната. Татко им и мајка им правеа вечера во кујната. Тие им рекоа: "Деца, одете во дневната соба. Ни пречите овде."

Тие отидоа во дневната соба. Таму дедо им гледаше телевизија.

"Деца, ми пречите. Ве молам одете во вашата соба," - им рече тој.

Весна и Боби си ги собраа играчките и отидоа во детската соба. Таму сестра им Мира ја пишуваше домашната задача.

"Ми пречите," - се налути таа. "Играјте на друго место.

Во седум часот вечерата беше готова. Весна и Боби ги немаше. "Каде се?" се прашуваа сите.

Весна и Боби си играа во бањата.

I а) Што правеа сите во фамилијата на Весна и на Боби?

Прочитајте во приказната и дополнете ги речениците:

1. Мајка им и татко им беа во кујната.

Тие ______________________________

2. Дедо им беше во дневната соба.

Тој ______________________________

3. Сестра им беше во детската соба.

Таа ______________________________

б) Завршете ги речениците:

Прво Весна и Боби си играа во кујната ______.

Потоа отидоа во ______________________.

Од таму отидоа во ______________________.

Најпосле Весна и Боби си играа во ______________.

в) Напишете што правите вие и вашата фамилија во:



КУЈНАТА Во кујната правиме јадење. ______________________

______________________________



ДНЕВНАТА СОБА ______________________

______________________________



ДЕТСКАТА СОБА ______________________

______________________________



БАЊАТА ______________________

______________________________

## II НОВА КУЌА

Поврзете ги зборовите со сликите:

шифоњер фотелја вазна телевизор килим

фрижидер кревет перница шпорет чинии



Фамилијата Петровски имаат нова куќа.
Каде ќе ги ставаат овие работи?

| ДНЕВНА СОБА | КУЈНА | СПАЛНА |
|---|---|---|
| килим | фрижидер | кревет |
| ______ | ______ | ______ |
| ______ | ______ | ______ |
| ______ | ______ | ______ |

## III КАДЕ ЖИВЕЕШ ?




А: Дали знаеш каде живее Томе?

Б: Томе живее на улица "Гоце Делчев" број 20, блиску до базенот.

Сега вие прашувајте и одговарајте:

Соња живее во број 16.

Борче живее во број 15.

Цветко живее во број 11.

Владо и Миле живеат во број 12.

Весна и Кире живеат во број 19

Каде живееш ТИ ?

Јас живеам на улица ____________________

број ______, блиску до ____________________

V Поврзете ги сликите со речениците:



Јас и Кате сме на плажа.
Ние си играме во песокот.



Томе е на базен.
Тој плива.

Баба ми и дедо ми се во паркот.
Тие се шетаат.



Ѕвонко е во зоолошката градина.
Тој ги гледа слоновите.

Јас сум во циркус.
Јас јадам сладолед.





IV Завршете ги зборовите:

11 единаесет

12 дванаесет

13 три _ _ _ _ _ _ _

14 четири _ _ _ _ _ _ _

15 пет

16 шес _ _ _ _ _ _ _

17 седум _ _ _ _ _ _ _

18 осум _ _ _ _ _ _ _

19 девет _ _ _ _ _ _ _

20 дваесет

## 2. КАДЕ ДА СИ ИГРАМЕ

I Напишете ги испуштените зборови:

Нашата куќа не е многу голема . Во неа има само три ________________. Кога си играм во кујната и ________________ на мајка ми. Во дневната соба дедо ми секогаш ________________ телевизија. Брат ми учи ________ нашата соба.

Јас сакам да ________________ моја соба.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| пречам | во | спални | голема | имам | гледа |

II Напишете СУМ СИ Е СТЕ СМЕ СЕ каде што треба:

Весна: Ало!

Тетка Дана: Здраво Весна. Овде е тетка Дана.

Дали _______ вие сите дома?

Весна: Да, ние _______ сите дома денес.

Јас _______ во кујната. Правам ручек.

Тетка Дана: А мајка ти?

Весна: Таа _____ во бањата. Пере.

Тетка Дана: А баба ти и дедо ти?

Весна: Тие _____ во градината. А каде ______ ти, тетка Дано?

Тетка Дана: Јас _____ во пошта.

III Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ф | _ отелја | _ азна | _ устан | бе _ |
| В | ку _ ер | _ арма | _ аш | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| К | _ ујна | све _ а | _ е одам |
| Ќ | _ ревет | мај _ а | пове _ е |